# ПРЕСТАПНИ ГОДИНИ

(ПРОЗЕН КАЛЕНДАР)

---

ОЛИВЕРА ЌОРВЕЗИРОСКА

Изданието е објавено со поддршка од:

Република Северна Македонија
Министерство за култура

БИБЛИОТЕКА – **Наше маало**

Главен уредник
**Филип Димевски**

Наслов на оригиналот
**Оливера Ќорвезироска,**
**Престапни години (прозен календар)**

**© Оливера Ќорвезироска, 2021**
**© Бегемот, 2021**

Лектура
**Оливера Ќорвезироска**

Јазична редакција
**Филип Димевски**

Компјутерска обработка
**Бегемот**

Графичко уредување
**Наталија Лукомска**

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

# ПРЕСТАПНИ ГОДИНИ
(прозен календар)

Оливера Ќорвезироска

Бегемот

Скопје, 2021

# ЈАНУАРИ

## 1. ПРВИОТ ДЕН ВО ГОДИНАТА

Татко ми и ќерка ми на чист кумановски ги оправаат внатрешната и надворешната политика на Германија, здравствениот систем и наставната програма на Гутенберговиот универзитет, градскиот сообраќај во Мајнц и велосипедите во Хајделберг. Јас ги слушам и правописно молчам на стандарден македонски. Син ми ги крши акцентите на зборовите и се смее, за да му угоди на дедо си; тој, пак, со своите српски осумдесет и нешто години, одвреме-навреме уфрла по некој германски збор во речениците, првиот на кој ќе се сети, за да ѝ угоди на својата најголема внука. Јас повторно го печам целиот свет според рецептите на мојата одамна почината мајка, во рерната со нов грејач што ми го смени татко ми. Тропаат мислите како тави и тенџериња, чрчори и мириса првиот ден во годината.

## 2. СТАНИ, НАПРАВИ НЕШТО!

Како дете не знаев што се ни сојка, ни меќава,.. ама одлично знаев дека кога татко ми за некоја жена ќе речеше „сојка“, таа за него беше ништожна. „Како сојка на меќаву“ беше негова универзална компарација за бесцелно дремење, за неработење од кое му се креваше косата на главата; за денгуба која тој ја мразеше од дното на душата.

Сега ги знам сите зборови и лингвистички постапки што ги применуваше само врз основа на личниот поглед на светот. Сојка е мрзлива птица која не сака многу да лета, ниту да се бори за што и да е. Грубо и рапаво креска и е позната по својата мимикрија: се преправа во нешто што не е, само за да преживее. Меќава е зимско невреме, виулица. Сојката никогаш не прави ништо свое и автентично, само си постои така и чека нешто да помине или да дојде.

„Како сојка на меќаву“ е и дефиниција за утопија, уметност, книжевност и денгуба во едно. Бесцелно постоење, планирање нешто што ни-

когаш нема да се случи, раскажување приказни што ниту биле, ниту ќе бидат,.. трошење продуктивно време на непродуктивен начин. Дозволување да ти поминат часови и часови, а да не направиш ништо видливо и конкретно како чевел, фустан, зелник, хеклано милје... За татко ми не постоеја нештата што не се конкретни, што не можат да се видат и да се допрат.

„Стани“, си велам себеси. „Направи нешто! Цел ден го отепа ’како сојка на меќаву‘, мислејќи на зборови и фрази што ниту се гледаат, ниту можат да се допрат!“

## 3. ПАРКЕТ ОД ЗБОРОВИ

Во дневната соба од некаде почна да ни тече тишина. Подлижувал молкот одамна, капел малку по малку, не сме му обрнале внимание сè додека не ги нахабрил зборовите толку што тие се накренаа како наводенет паркет, потоа мувлосаа и на крајот моравме сите да ги фрлиме. Еден по еден, во голема црна ќеса, па во контејнер на Цветниот пазар. Тишината како само тоа да го чекала, се растече низ дома ко река. Морав да шлапкам низ неа каде и да се движев низ станот. Од кујната кон спалната, од терасата кон бањата. Цели денови ми се изнатопија со тишина, не можев да ги досушам ни спомените за нив.

Потоа се досетив. Најдов меки, податливи жанрови, клекнав на колениці и со десната рака, таа што знае да пишува, во нив ја впив сета растечена тишина. Дневната соба се исуши и некои нови зборови часкум ни исповлегоа, наредувајќи се како нов, светнат паркет. Излакиран

и исполиран. Како огледало за грешките, како лизгалиште за паѓање и кршење на вистината. Никој не го ни пречекори прагот, а сите и заминавме и се вративме дома.